# ПОЛИТИКА
## ЗА ОДНОСИ СО ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

# ПОЛИТИКА
## ЗА ОДНОСИ СО ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

---

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

Врз основа на член 119 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, а на предлог на Надзорниот одбор во однос на неговата надлежност согласно член 203 од Статутот, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на 29.12.2022 ја донесе следнава

# ПОЛИТИКА ЗА ОДНОСИ СО ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ[1]

## Вовед

Преку своите деловните активности, АЛКАЛОИД АД Скопје зазема значајна улога во општеството и во здравствените системи на државите каде реализира свои деловни операции. Нашиот успех како компанија во голема мера зависи од тоа како нашите засегнати страни не доживуваат како деловен партнер, работодавач, или инвестициски предизвик. Континуираната комуникација со нашите засегнати страни е од суштинско значење да создадеме модалитети за исполнување на нивните потреби и очекувања, како и да ги осознаеме и разбереме трендовите и промените во нашето деловно и општествено опкружување.

Статутот на компанијата, Политиката за ESG, Кодот за етичко и деловно однесување, како и останатите внатрешни акти, претставуваат декларација на силната заложба на АЛКАЛОИД АД Скопје да создаде взаемно одржливи вредности со своите засегнатите страни. Преку нивната имплементација, ние сме посветени континуирано да ги вклучуваме нашите засегнати страни на нашиот пат кон унапредувањето на општествените и деловните заедници во кои учествуваме и кои ги водиме.

Нашите засегнати страни, исто така, имаат водечка улога во градењето, одржувањето и унапредувањето на нашиот корпоративен углед, кој, меѓу другото, подразбира и збир на нивни видувања и перцепции за нашата компанија. Тие перцепции се од исклучително големо значење за нас, со оглед дека врз нивна основа засегнатите страни  ги носат своите одлуки да инвестираат, да купуваат наши производи, да станат дел од нашиот човечки капитал, да дадат позитивни препораки за нас како компанија, итн., што во крајна линија, директно влијае на долгорочната одржливост на АЛКАЛОИД АД Скопје како компанија.

Конечно, нашата посветеност кон успешно управување со односите со нашите засегнати страни, придонесува кон постигнувањето на нашата цел на формализирање на почитувањето на човековите права уредени со домашните и меѓународните правни акти, градење добри деловни практики, како и отелотворување на темелните вредности пропишани со Кодот за етичко и деловно однесување.

## Цел на Политиката

Основна цел на оваа Политика е да ја воспостави генералната рамка за односи со нашите засегнати страни во сите активности и операции каде тоа е применливо, со цел:

- Да го охрабри ангажманот на засегнатите страни во деловното функционирање на компанијата, преку стратегија на вклучување на претставниците на нашето социјално, деловно и институционално опкружување и создавање взаемни одржливи вредности
- Да одговара на легитимните интереси на нашите засегнати страни
- Да гради доверба со и помеѓу засегнатите страни, со цел да изгради долгорочни, стабилни и сеопфатни односи
- Да ја охрабри потврдата и признавањето од страна на нашите засегнати страни на посветеноста на компанијата кон обединувањето на интереси од различна природа и нивно успешно канализирање преку одржлива стратегија која ќе обезбеди придобивки за секоја засегната страна поединечно и за сите засегнати страни колективно
- Да го одржи и унапреди корпоративниот углед на компанијата

## Идентификација на засегнатите страни на АЛКАЛОИД АД Скопје

Во смисла на оваа Политика, под засегнати страни се подразбира: субјекти или поединци за кои разумно може да се очекува дека ќе бидат значително засегнати од дејноста на компанијата или за чии

активности разумно може да се очекува да влијаат врз способноста на компанијата да ги спроведе своите стратегии или да ги постигне своите цели.

Со оглед на дефиницијата, а во корелација со широкиот спектар на дејности на АЛКАЛОИД АД Скопје, големината, обемот на активности кои тие дејности ги подразбираат, а со тоа и влијанието кое како компанија го има во општественото и деловно опкружување, засегнатите страни на компанијата се бројни. За целите на оваа Политика, тие се групирани на следниов начин:

- **Внатрешни засегнати страни**: вработени, раководители, акционери
- **Надворешни засегнати страни**: добавувачи, претставници на здравствениот систем, купувачи, доверители, банки и финансиски институции, медиуми, регулаторни тела и државни институции, образовни институции, локални заедници, невладини организации.

Според областите кои ги претставуваат, засегнатите страни се категоризираат на следниов начин:

- **Партнери**: добавувачи, претставници на здравствениот систем, купувачи, вработени, доверители, медиуми, образовни институции (универзитети, факултети, средни училишта)
- **Претставници на пазарот на капитал**: акционери, банки и други финансиски институции
- **Претставници на општественото опкружување**: локални заедници, невладини организации
- **Претставници на државното опкружување**: регулаторни тела и државни институции.

## Основни принципи и модалитети на односи со засегнати страни

Основните принципи врз кои АЛКАЛОИД АД Скопје ги темели односите се своите засегнати страни се следниве:

**Одговорност** – АЛКАЛОИД АД Скопје дејствува одговорно при градење на своите односи со засегнатите страни и истите ги базира на етика, интегритет, одржлив развој и почитување на правата на заедниците и претставниците на засегнатите страни

**Учество и ангажман** – АЛКАЛОИД АД Скопје го охрабрува учеството и ангажманот на засегнатите страни во сите активности на компанијата, во рамки на кои овозможува, од доброволни консултативни интеракции, па се до формални, редовни и нормирани канали на комуникација

**Консензус** – Компанијата се стреми дијалогот со своите засегнати страни да го води на начин што ќе овозможи конструктивна расправа, објективна аргументација, уважување и прифаќање на посебните околности и прилики на секоја засегната страна, со цел заклучоците и одлуките по однос на сите прашања да бидат донесени со взаемна согласност

**Транспарентност во известувањето** – АЛКАЛОИД АД Скопје обезбедува транспарентност во своите односи со засегнатите страни. Известувањето за истите, без разлика дали се однесува на финансиски или нефинансиски комуникации, се базира на споделување вистинити, релевантни, комплетни, јасни и корисни информации

**Унапредување на процесот** – АЛКАЛОИД АД Скопје работи на континуирано подобрување на своите односи со засегнатите страни, редовно преиспитување на механизмите на комуникација и дијалог, преку годишно преиспитување на оваа Политика, како и Политиката за ESG од страна на Надзорниот одбор, со цел компанијата да ги развива и унапредува капацитетите на соодветен одговор на потребите и интересите на засегнатите страни.

Соодветно на интензитетот на интеракција со поедини засегнати страни, значење и важност на одредени теми и прашања во даден момент, степенот на организираност на одредени засегнати страни, итн., механизмите на ангажмани на засегнатите страни и каналите на комуникација кои компанијата ги остварува, може да бидат формални, неформални, интерактивни, едукативни и/или консултативни, и може да се спроведат преку:

- Форуми, семинари, тркалезни маси, работни групи
- Вебинари и телеконференции
- Известувања и новости преку веб страниците на АЛКАЛОИД АД Скопје
- Директна кореспонденција преку емаил
- Прашалници, анкети
- Едукативни настани и обуки
- Брошури и извештаи
- Социјални медиуми: Facebook, Twitter, LinkedIn

Сите организационите единици во рамки на АЛКАЛОИД АД Скопје, кои во рамки на извршувањето на своите надлежности имаат интеракции со една или повеќе засегнати страни, се должни да ја спроведуваат оваа Политика, да воспоставуваат и редовно одржуваат комуникација и дијалог со истите на начин утврден со оваа Политика, да предлагаат вклучување на нови засегнати страни со оглед на трендовите во делокругот на нивната надлежност и/или нови механизми на интеракција, како и да подготвуваат извештаи за истите. Организационите единици се должни, најдоцна до 31.01. од тековната година, да доставaт извештај до ESG Одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје за сите остварени комуникации со засегнатите страни од нивна надлежност кои се реализирале во претходната година. Во тие извештаи, особено е важно организационите единици да ги изразат интензитетот, каналите за комуникација со секоја засегната страна, содржината и заклучоците од истите, како и да предложат модалитет за интеграција на одредени ставови, потреби и интереси на засегнатите страни во деловната стратегија на компанијата.

## Примена на Политиката

Оваа Политика се применува на сите капитално поврзани друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје во државата и во странство.

Капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје се должни, во рок од дванаесет (12) месеци од стапувањето на сила на Политиката, да донесат Протокол за Примена на Политиката за односи со засегнати страни и да го прилагодат нормативниот текст на оваа Политика кон статусните услови и околности на нивното корпоративно функционирање, при што ќе ги идентификуваат своите засегнати страни и ќе ги утврдат модалитетите на комуникација и дијалог со истите, применливи за нивните околности.

## Завршни одредби

Оваа Политика се предлага од страна на Надзорниот одбор, а се усвојува од Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Надзорниот и Управниот одбор се должни еднаш годишно, во рок од три (3) месеци од објавувањето на ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје да ја преиспитаат оваа Политика, врз основа на која евалуација, Надзорниот одбор предлага соодветно измени и подобрувања на истата.

Оваа Политика стапува на сила на 01.01.2023.

[1] Оваа верзија на Политиката за односи со засегнати страни на АЛКАЛОИД АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истата. Официјалната верзија на Политиката за односи со засегнати страни на АЛКАЛОИД АД Скопје се чува во неговото седиште.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ